ЗАПИСНИК

од 56-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 07.11.2024 г.
со почеток во 10:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Анета Киселоска-раководител, Николина Лозановска-советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 55-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување на Предлог-Статут на Општина Новаци и донесување на Статут на Општина Новаци;
3. Разгледување на Предлог - Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 год. и донесување на Одлука;
4. Разгледување и донесување на План на Програми за развој;
5. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 56-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени со тоа што нема да се разгледува точка бр.1 (Записникот од 55-та седница) и да се дополни со 1 (една) дополнителна точка, која неодложно треба да се разгледа на оваа седница:

1. Разгледување на Барање за набавка на градежен материјал за опожарениот манастир „Св. Илија“ во с. Гнилеш.

Советниците го разгледаа Дневниот ред, така што со **8 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 56-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањето е составен од 5 (пет) точки, со тоа што точката бр.5 - Советнички прашања, останува непроменета.

* Советникот Александар Канзуровски пристигна на седницата со мало закаснување.

1 точка Разгледување на Предлог - Статут на Општина Новаци и донесување на Статут на Општина Новаци

По однос на оваа точка, збор зеде Анета Киселоска – раководител, која пред советниците ја образложи постапката за замена на старите општински симболи со нови, кои беа усвоени со Одлука за изменување и дополнување на Статут на Општина Новаци од Совет на Општина Новаци на 55-та седница, и истата треба да се финализира на начин што на оваа седица советниците ќе го разгледаат Предлог - Статутот со новите општински симболи и останатите промени во него.

По излагањето се разви дискусија меѓу советниците, по што Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **6 гласа за и 3 гласа воздржан** донесе Статут за изменување и дополнување на Статут на Општина.

2 точка Разгледување на Предлог - Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 год. и донесување на Одлука

Советниците беа информирани дека се врши прераспределба на средства од основниот буџет и зголемување на истиот од 3.935 533.00 кои всушност се наменски дотации за 2022 год. доделени од страна на Министерството за животна средина и просторно уредување.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 год.

3 точка Разгледување и донесување на План на Програми за развој

По однос на оваа точка Советот беше информиран дека Програмата за развој се однесува за изградба на улица до индустриската зона - крак 3, од Развојна потпрограма: Изградба и реконструкција на локални улици и патишта.

По кратката дискусија, Советот со **9 гласа за** донесе План на Програми за развој.

4 точка Разгледување на Барање за набавка на градежен материјал за опожарениот манастир „Св. Илија“ во с. Гнилеш

Советниците го разгледаа Барањето од Црковниот одбор на манастирот „Св. Илија“ од с. Гнилеш за набавка на градежен материјал кој е неопходен за реконстукција и обновување, бидејки манастирот беше опожарен за време на пожарите во август 2024 год. кои зафатија голем дел на територијата на Општина Новаци.

Советниците, по кратката дискусија одлучија набавката на градежен материјал за манастирот „Св. Илија“ да изнесува 200 00,00 ден. и да се реализира од Буџетот за 2025 год.

Советот на Општина со **9 гласа за** донесе Одлука за одобрување набавка на градежен материјал за манастирот „Св. Илија“ с. Гнилеш.

5 точка Советнички прашања

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 56-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска